Република Северна Македонија
Министерство за економија и труд
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë dhe Punës

Сектор за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност
Departamenti për politika industriale dhe investuese dhe përgjegjësi sociale

Врз основа на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/2025), Мерка 2: Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување или набавка на опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни и безбедни производи, Министерството за економија и труд објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за надомест на дел трошоците за лаборатории

### I

Предмет на Јавниот повик е Надоместување на дел од трошоците за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување или набавка на опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни безбедни производи во вкупен износ од 3.000.000,00 денари, за следните активности:

1. Акредитирање на лаборатории:

    1.1. Набавка на стандарди/технички спецификации за лабораториски методи
    1.2. Обука за примена на методи од опсегот на акредитација
    1.3. Акредитационен аудит со Институтут за акредитација на Република Северна Македонија или надзорен аудит со Институтут за акредитација на Република Северна Македонија.

2. Проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории

    2.1. Набавка на стандарди/технички спецификации за лабораториски методи
    2.2. Обука за примена на методи од опсегот на акредитација
    2.3. Акредитационен аудит со Институтут за акредитација на Република Северна Македонија или надзорен аудит со Институтут за акредитација на Република Северна Македонија


Министерство за економија и труд на Република Северна Македонија
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015 CERTIFICATE Q 1113

3. Набавка на опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни и безбедни производи

   3.1. Набавка на опрема или доопремување на лаборатории и обука за ракување со опремата
   3.2. Калибрација на опремата

II

Министерството за економија и труд надоместува дел од трошоците во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 500.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект- барател на средства, согласно расположивите средства

III

Право на учество на јавниот повик

Право на учество на јавниот повик имаат деловните субјекти со претежна дејност/главна приходна шифра - Техничко испитување и анализи, согласно Национална класификација на дејности – НКД. Рев 2 („Службен весник на Република Македонија" бр.147/2008, 4/2013 и„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.35/24 ), и организационите единици при факултетите, кои се бават со оваа дејност.

Еден барател може да добие средства само за една активност.

Корисник на субвенција не може да биде деловен субјект кој добил државна помош за со Јавниот повик за надомест на трошоците за лаборатории за 2024 година.

Барањето за аплицирање, образецот за изјава за доделена државна помош, изјавата „Образец Изјава 2025" и упатството за подготвување на извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност, се достапни на ВЕБ страната на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk (обрасци 1, 2, 3 и Упатство).

IV

Потребни документи за аплицирање:

- Образец 1 - ПИПОО 2025 Мерка 2 „Барање за поддршка за зголемување на конкурентноста за преработувачката индустрија - Надоместување на дел од трошоците за лаборатори за испитување на производи;
- Образец 2 - Изјава за доделена државна помош, заверена на нотар;
- Образец 3 - Изјава заверена на нотар;
- Тековна состојба на деловниот субјект издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија, не постара од 2 (два) месеци;
- Информација за економско финасиската состојба на деловниот субјект издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 2 месеци, од кој се гледа дека деловниот субјект има позитивно толкување во делот на показатели за оценка за друштвото;
- Документ со кое се потврдува дејноста на организационите единица ( лаборатории) при факултетите (Стаут, Тековна сосотојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија)
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Договор помеѓу деловниот субјект и изготвувачот, склучен во текот на 2024 и 2025 година;
- Фактура од изготвувачот пуштена во промет во текот на 2024 и 2025 година;
- Извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон изготвувачот, согласно Договорот;
- Извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност (подготвено согласно упатството);
- Уплатници за административни такси на износ 50,00 и 250,00 денари.

V

Јавен повик и поднесување на документи:
Јавниот повик е објавен на веб страната на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.
Апликацијата треба да се достави комплетно, со сите потребни документи.
Барањето за аплицирање (Образец 1) и Извештајот за реализираниот проект треба да бидат потпишани од надлежното лице на деловниот субјект и оверени со печат.


Министерство за економија и труд на Република Северна Македонија
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015 CERTIFICATE Q 1113

Изјавата за доделена државна помош (Образец 2) и Изјавата (Образец 3), треба да бидат потпишани од надлежното лице на деловниот субјект, оверени со печат и заверени на нотар.
Останатата документација се доставува во оригинал или копии. Доколку документацијата е доставена во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува надлежното лице на деловниот субјект со своерачен потпис и ја оверува со печат. Документацијата на странски јазик се доставува во копија и превод заверен од овластен судски преведувач.
Во случај да поднесеното Барање за субвенционирање е некомплетно, односно недостасува некој од бараните документи, Комисијата писмено ќе побара од апликантот да го дополни Барањето со документите кои недостасуваат во определен рок. Со цел, запазување на принципот "прв дојден, прв услужен", за Барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на Барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на Барањето, односно датумот кога Барањето за субвенционирање ќе биде целосно комплетирано. Министерството за економија и труд го задржува правото да побара да се достави целосниот изготвен проект, да изврши мониториг на проектот, да ја посети вашата компанија и лично да се увери во наводите од извештајот.

## VI
## Распределба на средства

Поднесените барања ги разгледува Комисија, формирана од Министерот за економија и труд. Одобрените барања ќе бидат исплатени на барателите во зависност од расположивите средства од Буџетот за 2025 година, предвидени за оваа намена, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија (прв дојден прв услужен), се до исцрпување на средствата.
Доколку средствата се исцрпат додека сеуште трае јавниот повик, Министерството за економија и труд ќе објави Известување за исцрпување на расположивите средста на својата веб страна www.economy.gov.mk.

VII

Начин и рок на доставување на барањата

Барањето со комплетната документација може да се преземе од ВЕБ страната на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

Барањето заедно со потребната документација треба да се достави во затворен плик во Архивата на Министерството за економија и труд, ул „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје или се испраќа по пат на препорачана пошта.
Доколку барањето се доставува по пошта, како датум на поднесување на истото ќе се смета датумот кога барањето е пристигнато и заведено во Архивата на Министерството за економија и труд.

На предната страна на пликот треба да стои:
До Министерство за економија и труд
На задната страна на пликот треба да стои:
Назив и седиште на претпријатието.
За ЈАВЕН ПОВИК за надомест на дел трошоците за лаборатории, со назнака „НЕ ОТВАРАЈ".

Краен рок за доставување на барањата 31.07.2025 година.

email: industry@economy.gov.mk tel: (02) 3093 465; (02) 3093 466;
www.economy.gov.mk